| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| Назив на планскиот документ | ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЕДИНИЦА 7 ДЕЛ ОД БЛОК 23 (помеѓу улицата „Маршал Тито“ и регулирано речно корито на „Неготинска река“) КО Неготино, Општина Неготино<br>Нацрт План (2024 - 2029) |
| Орган надлежен за изработка на планскиот документ | Оделение за урбанизам-Општина Неготино |
| Орган надлежен за донесување на планскиот документ | Градоначалник на Општина Неготино |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ | Параметар ДООЕЛ - Скопје<br>Трговско друштво за проектирање<br>Инженеринг градба и консалтинг |
| Назив на работното место | Дипломиран инженер архитект |
| Контакт податоци за лицето | Методи Хаџи-Андов д.и.а<br>070221278 |

**Основни податоци за планскиот документ**

Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)

Од Законот за Урбанистичко планирање (Службен весник на Р.С.М. број 32/20, и 111/2023), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на урбанизмот. Како појдовна точка во изнаоѓање на концепцијата на решението на овој Детален Урбанистички План за Урбана единица 7 дел од блок 23 (помеѓу улица „ Маршал Тито и регулирано речно корито на Неготинска река“), Општина Неготино покрај смерниците од ГУП се и создадените услови на просторот кој е предмет на изработка на оваа урбанистичка документација. Концепцијата на решението произлегува од постојната состојба и увидот на лице место.

Дали се донесува нов плански документ или се вршат измени на постојниот?

Да ☒
Не ☐

Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?

Планскиот опфат не е третиран со друга урбанистичка планска документација.

Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина? Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.

Да, за просторно и урбанистичко планирање со донесување на Детален урбанистички план

Дали планскиот документ е определен со уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен. (пр. член 3, точка 1, алинеја 5)

| | | | |
|---|---|---|---|
| Да ☐<br>Не ☒ | Член: | Точка: | Алинеја: |

Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапка за оцена на влијанието врз животната средина. Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.

Не

Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.

Да Површината на планскиот опфат изнесу 0,98ха

Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.

Деталниот урбанистички план како основна цел ги има зацртано насоките на идниот просторен развој со создавање на услови за планирање на организирани простори согласно законската регулатива, одредување на намени на градежни парцели со компатибилни класи на намена со основната класа на намена ,која е дефинирана со законската регулатива, планирање на површини за градба на објекти со нивна катност, имајќи го во предвид Законот Урбанистичко планирање(Службен весник на Република С.М, број 32/20) и Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република С.Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/2023), приоритетните погодности и ограничувања преку анализа на постојната состојба и создавање на основна концепција за планираните површини со сообраќајни инфраструктурни решенија.

Предмет на планскиот документ. (пр. транспорт, планирање на просторот и сл.)

| |
|---|
| Планирање на просторот |
| Периодот за донесување на планскиот документ. |
| 5г. |
| Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање, на колку години? |
| 5г. |
| Простор или област опфатени со планскиот документ. (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа) |
| ДУП за Урбана единица 7 дел од блок 23 (помеѓу улицата „Маршал Тито“ и регулирано речно корито на „Неготинска река“) КО Неготино, Општина Неготино<br>Граници на планскиот опфат се:<br>- на североисток е улица „Баба Ана Ташева“, и<br>- на северозападната страна улица „Маршал Тито“.<br>- на југоисточната страна „Неготинска река“.<br>- на југозападната страна крак на ул. „Маршал Тито“ |
| Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ. |
| Да ☒<br>Не ☐ |
| Дали е приложена копија од целите? |
| Да ☒<br>Не ☐ |

| **Резиме на влијанијата врз животната средина**<br>(Да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето.) | |
|---|---|
| Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ.<br>Планскиот концепт е во директна зависност од природните фактори, посебно од конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Одржливиот развој е еден од принципите врз кој е поставен планскиот концепт. Растојанието меѓу градбите ќе овозможи поволна ориентација према намената, а слободните површини од градежната парцела ќе се користат за зеленило. Целта на планскиот концепт е да изврши хармонизација на просторните природни услови и предвидената градба во функционална целина со естетска препознатливост.<br>Со изработка на деталниот урбанистички план треба да се овозможи планско решение за планираните градежни парцели, нивната функционалност, диспозиција и капацитетот и максимално користење на просторот од сите аспекти. Сето ова, усогласено со анализата која произлегува од согледувањето на сите аспекти од постојната состојба во важечките плански документации кои го третираат планскиот опфат, овозможува дефинирање на основни поставки и цели на изработка на планската документација. | |
| Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на вљанијата; | Времетрањето на влијанијата врз животната средина се краткотрајни само во фаза на изградба на објекти, со мал интензитет заради природата на дејностите кои се одвиваат во нив. |
| Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето | Не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина , животот и здравјето на луѓето, затоа што видот и природата на проектни содржини - домување и инфраструктура не спаѓаат во група на директни загадувачи на животната средина , животот и здравјето на луѓето. |
| Прекугранична природа на влијанијата; | Нема |
| Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина (пр. како резултат на несреќи); | Во планскиот опфат се предвидени објекти , за кој што не се употребуваат материи или постројки што предизвикуваат висок степен на загрозеност на луѓето и материјалните добра, а на третираниот плански опфат опфатени се потребните превентивни мерки за заштита и спасување од пожари со планираните урбанистички решенија во плански опфат и превидената примена на техничките нормативи при понатамошната фаза на проектирање и изградба на планираните објекти во истиот. |
| Опсег и просторниот обем на влијанијата (географска област | Планскиот опфат за кој се изработува Детален |

| | |
|---|---|
| и големината на популацијата која ќе биде засегната). | урбанистички план за дел од Урбан Блок 23, Урбана Единица 7, Општина Неготино е со површина 0,98ха , се наоѓа во градско подрачје.Популацијата која ќе биде засегната се состои од жители во планскиот опфат. |
| Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се: | |
| Изведбата на планскиот опфат ќе овозможи позитивни ефекти со својата функционална содржина врз целото непосредно опкружување од аспект на повисока организација и комплетна уреденост на просторот . | |
| Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:<br>Не се очекува | |
| Посебни природни карактеристики или културно наследство | Констатирано е дека во рамки на планскиот опфат нема заштитени добра и добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Доколку при реализација на планот дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани или фрагментирани) од материјалната култура, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл. весник на Р.М. бр. 20/04, 115/07, 18/11 и 148/11). |
| Надминувањата на стандардите за квалитет на животната средина или граничните вредности | Не се очекуваат. Тие ќе бидат следени од страна на надлежни органи. |
| Интензивна употреба на земјиштето | Во дел од Урбана единица 7 дел од блок 23,има дел со градежно изградено земјиште, а објектите претежно се во добра состојба. Со планот се формираат градежни парцели и се предвидуваат површини за градба со намени во согласност со ГУП на Град Неготино и се почитуваат стекнатите права од важечката планска документација за градежните парцели. |
| Влијанијата врз областите или пејсажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја. | Не се евидентирани. |
| Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите:<br>Во планскиот опфат формирани се 4 градежни парцели. Границите на градежните парцели во голем дел се поклопуваат со границите на катастарските парцели. Формирањето на Градежните парцели е врз основа на сопственоста на земјиштето, како и барањата на сопствениците. Сите парцели и планирани површни за градење се во согласност со Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 225/20, 219/21,104/22 и 99/23).<br>Изградба на новопредвидени градби во рамките на површините за градба, ќе се | |

| |
|---|
| вршат во согласност со условите за градба и одобрената урбанистичко- техничка документација од надлежниот орган, базирана на законската и подзаконска регулатива во областа на урбанизмот, заштита на животната средина и техничките прописи во градежништвото. |
| Објаснете ја околината во близина на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина. (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти):<br>Површината на планскиот опфат е во голем дел е изградено земјиште, при што во постојна состојба доминираат градбите со основна класа на намена В - Јавни дејности и институции и Б - Комерцијални и деловни намени во согласност со ГУП на Град Неготино. Со планот се планираат градежни парцели и површини за градење со кои во голема мера се почитува постојната состојба. |
| Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој:<br>(Да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)<br>Со донесување на планот ќе се обезбеди повисока организација на просторот,инфраструктурна доопременост, а со негово имплементирање не се очекуваат значајни влијанија врз животната средина.Целта на овој план е да изврши хармонизација на просторните, создадените и природни услови и да се предвидат наменски употреби на земјиштето со функционална целина, со естетска препознатливост и најважно од се со економско оправдување |
| Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ. Опишете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност.<br>(Објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои може да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали.)<br>Не се очекуваат значајни еколошки проблеми бидејќи има предвидено 4 градежни парцели од кои 2 се со намена В7 - Државни институции за престој на луѓе во специјален режим, 1 градежна парцела со намена Б2 – Големи единици за трговија и 1 градежна парцела со намена Д1 - Парковско и пејзажно зеленило. Врз основа на направената анализа планиран број на вработени/посетители е 200. Влијанието врз животната средина се однесуваат на правилно управување со отпадот и одведување на урбаните отпадни води, но тие се опфатени во воспоставениот систем за управување со отпад и отпадни води на ниво на Општина Неготино. |
| Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина.Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.<br>Планскиот документ е во корелација со Просторниот план на РМ и во корелација со постоечкиот ГУП, околни (соседни) ДУП-ови. |
| Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена |

| | |
|---|---|
| согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.<br>Нема спроведено претходна оценка. | |
| Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изграба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина).<br>Сите можни влијанија ќе се земат во предвид при реализација на планот, како и при издавање на одобренија за градење со обезбедување на услови за контрола на влијанијата. | |
| ИЗЈАВА | Изјавуваме дека податоците дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни. |
| Функција, име и презимеи потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот | Градоначалник на Општина<br>Горан Стојанов |
| Датум 17.10.2024<br>Место Неготино | М.П. |